Влада на Република Северна Македонија
Министерство за спорт
Бр. 04-1630/9
04.08.2025 год

Врз основа на член 52 став (1), став (2) и став (5) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/2019, 14/20, 215/21, 99/2022 и 208/2024), и Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на Република Македонија“ бр. 254/2024), државниот секретар во Министерство за спорт донесе:

## О Д Л У К А
## за избор на кандидат по Интерен оглас број 04/2025 за унапредување на административен службеник во Министерство за спорт

1. Административниот службеник **Димитар Терзиев**, по пат на интерен оглас број 04/2025 за работно место број 78, се избира на работно место ИНС 01 01 Б04 001, Виш инспектор за спорт Одделение за одделение за инспекциски надзор, 1 (еден) извршител;

2. Изборот е извршен врз основа на Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат по Интерен оглас број 04/2025 за работно место број 78, со архивски број 04-1630/8 од 01.08.2025 година.

3. Именуваниот/та ќе биде унапреден/а на работно место од став 1 по конечноста на оваа одлука.

4. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на добиеното известување за обезбедени финансиски средства од Министерство за финансии со архивски број 19-6176/2 од 24.06.2025 година и барањето на државниот секретар до Одделението за човечки ресури број 04-1626/1 од 18.07.2025 година, за објавување на интерен оглас за 5-пет административни службеници, на ден 21.07.2025 година на веб страната на Министерството и на веб страната на Агенција за администрација објавен е интерен оглас број 04/2025 за унапредување на 1 (еден) административни службеници во Министерство за спорт. Во функција на спроведување на постапката за унапредување на административен службеник, Комисијата за селекција за унапредување, формирана од страна на државниот секретар со Решение за формирање на Комисија за селекција за унапредување со архивски број 04-1626/2 од 29.07.2025 година, направи административна селекција на пријавениот кандидат за работното место со реден број 78 од интерниот оглас и одржа интервју со уредниот кандидат кој што ги

EGZEMPLARI ARKIVOR

Архивски знак: 0402
Рок на чување: 45 год.
201__ година
Потпис

исполнува условите предвидени согласно Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работни места во Министерство за спорт. Врз основа на освоените бодови од административна селекција и освоените бодови од интервјуто, Комисијата состави Записник од административна селекција за интерен оглас број 04/2025 за унапредување на административен службеник за работно место со реден број 78 со архивски број 04-1630/5 од 01.08.2025 година, Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административни службеници заради спроведување на интервју со архивски број 04-1630/6 од 01.08.2025 година, Евалуација со архивски број 04-1630/7 од 01.08.2025 година и Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат, која е составен дел на Записникот за работа на Комисијата за селекција за унапредување на административни службеници заради спроведување на интервју со архивски број 04-1630/8 од 01.08.2025 година.

Врз основа на ранг листата, државниор секретар донесе одлука да се изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

По конечноста на оваа одлука, ќе се донесе решение за унапредување на именуваниот административен службеник.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се изјави жалба до Комисијата на Агенција за администрација за одлучување по жалби и приговори на административни службеници во втор степен, во рок од 8 дена од денот на приемот и објавувањето на одлуката на web страната на Министерството за спорт.

**ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР**
**САШО ОГЊЕНОВСКИ**

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА СПОРТ - MINISTRIA E SPORTIT
Скопје - Shkup

Доставено до:
- Именуваниот/та
- СПОР/ОЧР
- Архива

Изработил: м-р Снежана Соколова